ADING

# РЕПАРАТУР МАЛТЕР

*Двокомпонентна смеса на цементно полимерна основа за санација и репарација на бетонски и армиранобетонски елементи*
*Одговара на: ASTM C 67*

## Област на примена:

Репаратур Малтер се користи за санација на бетонски и армиранобетонски конструкции, како и елементи од цементен малтер. За санација на сегрегирани и оштетени места кај армиранобетонски мостови, платна, силоси, базени, резервоари, канали и др. За репарација на фасадни цементни малтери.

## Својства:

- Одлична адхезија за подлога;
- Високи јакосни карактеристики на притисок и свиткување;
- Едноставен за подготовка и изведба;
- Не е потребен специјален алат за нанесување;
- Отпорен на атмосферски влијанија;
- Еколошки;

## Технички карактеристики:

| | |
|---|---|
| Изглед: | |
| А комп.: | Сив прашок |
| Б комп.: | Бела течност |
| Свежа волуменска маса: | 1,9 гр/см$^3$ |
| Јакост на свиткување: (EN 1015-11) | |
| -на 7 дена | 6,0±2 МПа |
| -на 28 дена | 10,0±3 МПа |
| Јакост на притисок: (EN 1015-11) | |
| -на 7 дена | 17,0±2 МПа |
| -на 28 дена | 35,0±3 МПа |
| Атхезиона јакост: (EN 1015-12) | 1,35±0,2 МПа |
| Време на врзување: (EN 196-3) | |
| -почеток | 3 часа |
| -крај | 8 часа |

## Подготовка на подлогата:

Површината на која се нанесува Репаратур Малтер, треба да биде чиста, да бидат отстранети сите лабилни делови, обеспрашена, обезмастена и добро натопена со вода. Температурата на површината на која се изведуваат работите да биде во граници од 5°C до 30°C.
Кај санација на стари оштетени армиранобетонски елементи, видливата арматура треба добро да се исчисти од корозија (со челични четки или пескарење), и да се заштити со соодветен материјал Антикорозин.

## Вградување:

Врз подлогата се нанесува предпремаз од Репаратур Малтер-Пенетрат со четка.
Смесата од Репаратур Малтер се приготвува со додавање на течната (Б компонента) во прашкастата (А компонента), тежински однос означен на амбалажата, се меша со бавен мешач, до потполна хомогенизација.
Смесата се остава да одлежи до 20 мин., а потоа повторно се промешува. Нанесувањето на готовиот материјал се врши со шпахтла или метална глетарка, во период од 30 до 120 минути по нанесување на претпремазот. Максимална дебелина на слој во една постапка е 1,5 см.
За поголеми дебелини се произведуваат соодветни видови Репаратур Малтер (2 и 4).
За дебелина на слој до 2,5 см., се применува Репаратур Малтер-2
За дебелина на слој до 3,5 см., се применува Репаратур Малтер-4

## Потрошувачка:

За еден слој со дебелина од 1,0 см., од 18 до 20 кг/м².

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

А комп. во натрон вреќи од 25 кг.
Б комп. во пластични канти од 10 кг.

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба 12 месеци.

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување на прашкастата компонента. При инцидентен контакт, на производот со кожата, треба веднаш да се отстрани со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош.
Пожар:
Репаратур Малтер е незапалив
Чистење и депонирање:
Чистењето е со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821

ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*